МАКЕДОНИЈА

# При претрес во Битола пронајдени близу 1.500 пиротехнички средства

**Полициски службеници од СВР Битола, по обезбедена наредба од битолскиот Основен суд, денеска извршија претрес во домот на битолчанецот Ф.Ф., при што пронајдоа 1.488 парчиња различни видови пиротехнички средства.**



Прегледи: 1157

Објавил: Administrator

20 декември 2022, 18:52

Сподели | Сподели

Како што информира МВР, пиротехничките средства се одземени, а со Ф.Ф. е извршен службен разговор во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.




## ПОСЛЕДНИ ВЕСТИ

- Буџетот на МО за 2023 година ќе изнесува 274,6 милиони евра — 11:42
- Зеленски е на пат за САД за да се сретне со претседателот Бајден — 11:40
- Честитка од Џафери по повод 21 декември – Денот на наставата на турски јазик — 11:26
- ВМРО-ДПМНЕ: Градоначалниците од СДС единствено со што можат да се пофалат се криминали зделки — 11:17

МАКЕДОНИЈА

# Буџетот на МО за 2023 година ќе изнесува 274,6 милиони евра

**Предложениот буџетот на Министерството за одбрана за 2023 година изнесува 274,6 милиони евра и е за една третина повеќе од минатогодишниот.**



Прегледи: 82

Објавил: Administrator

21 декември 2022, 11:42

Сподели | Сподели

Според премиерот Димитар Ковачевски, планираните финансии за одбраната за следната година ќе придонесат за развој и модернизирање на овој ресор согласно стандардите на земја членка на НАТО.

– Развојот на одбраната ќе придонесе за посовремена безбедност во однос на заканите кои ни ги носат геостратешките предизвици, а за кои имаме обврска да ги заштитиме нашите граѓани. Третина повисок буџет во одбраната, значи влог во мирот и стабилноста на луѓето, а тоа е непроценливо, рече Ковачевски на заедничка прес-конференција со министерката за одбрана Славјанка Петровска.

Покачувањето на средствата, како што нагласи Ковачевски, значи дека ќе ја оствариме зацртаната цел, а тоа е буџетот за одбрана да биде два проценти од БДП во 2024 година, според стандардите на НАТО.

Министерката Петровска потсети дека за припадниците на Армијата во годината што измина се создадени услови уште еднаш да се зголемат платите, како и за отпремнини од над 20.000 евра за припадниците со навршени 45 години, како и за станарина од 9.500 денари како надополнување од месечниот приход на секој војник.

– Оваа грижа ќе продолжи и понатаму. Армијата на Македонија, денес НАТО Армија, е опремена, мотивирана и добро платена Армија, рече Петровска.

Таа соопшти дека 2023 година Македонија во меѓународни мисии и операции ќе има 226 лица, а вкупните средства за таа намена изнесуваат 10 милиони и 548 илјади евра. /МИА

Зевзекманија
Хумор, сатира, цинизам, забава, пародичен поглед на нашата убава Македонија.

ПРЕТПЛАТЕТЕ СЕ НА НАШИОТ NEWSLETTER

Е-маил

Претплати се

СВЕТ

# Зеленски е на пат за САД за да се сретне со претседателот Бајден

**Украинскиот претседател Володимир Зеленски е на пат за САД за да се сретне со претседателот Џо Бајден и да му се обрати на Конгресот.**



Прегледи: 34

Објавил: Administrator

21 декември 2022, 11:40

Сподели | Сподели

Ова е негово прво патување во странство од почетокот на војната.

За време на неговата посета, Бајден ќе објави дополнителна безбедносна помош од 1,8 милијарди долари за Киев, вклучувајќи ги и ракетните одбранбени системи Патриот, изјави американски официјален претставник. Рускиот претседател Владимир Путин призна дека ситуацијата во четирите окупирани украински територии е „исклучително комплицирана“.

Генералниот секретар на ОН рече дека „не е оптимист“ за можноста за мировни преговори меѓу Русија и Украина во блиска иднина.

Зевзекманија
Хумор, сатира, цинизам, забава, пародичен поглед на нашата убава Македонија.

ПРЕТПЛАТЕТЕ СЕ НА НАШИОТ NEWSLETTER

Е-маил

Претплати се

МАКЕДОНИЈА

# Честитка од Џафери по повод 21 декември – Денот на наставата на турски јазик

**Претседателот на Собранието на Република Македонија Талат Џафери по повод одбележувањето на 21 декември – Денот на наставата на турски јазик, упати честитка до припадниците на турската заедница во Република Македонија.**



Прегледи: 379

Објавил: Administrator

21 декември 2022, 11:26

Сподели | Сподели

-Со чествувањето на овој празник, институционално и како граѓани на Република Македонија, изразуваме почит кон културата, идентитетот и посебноста на турската заедница, која е дел од мноштвото култури, обичаи и јазици кои ја красат Република Македонија. А Република Македонија е богата земја во која посебноста на секоја заедница, како нејзин заштитен знак и идентитет, во природна симбиоза со другите посебности, претставува одличен пример и автентичен индикатор за степенот на демократска зрелост и изградена граѓанска свест во нашето општество, вели Џафери во честитката.

Дозволете, пишува претседателот на Собранието, да ви упатам искрени честитки и да ви посакам светлината на образованието секогаш да ви го осветлува патот и мислата.

Зевзекманија
Хумор, сатира, цинизам, забава, пародичен поглед на нашата убава Македонија.

ПРЕТПЛАТЕТЕ СЕ НА НАШИОТ NEWSLETTER

Е-маил

Претплати се



Преземање на авторски текстови и видеа без претходна писмена дозвола од Канал 5 ТВ е кривично дело. Преземање на авторски текстови и видеа со ставање хиперлинк до содржината на сајтот на Канал 5 ТВ без претходна писмена дозвола од Канал 5 ТВ исто така е кривично дело. Непочитување на авторските и сродни права е казниво со закон.